Архивски бр. 08-414/9
датум 28-11-2025

ЗАПИСНИК
ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.
**Комисијата за надзор на ден 09.10.2025 година во 10:45 часот,** согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Берово** за контролниот период **од 2023 до 2025 година,** односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на в.д. претседателката на судот Марија Маневска, стручниот соработник Николчо Спасевски и Марија Спасевска, записничар и уписничар на прекршочно одделение.

В.д. претседателката на судот на ден 01.05.2025 година е делегирана како судија од ОС Струмица, од новоизбраните судии кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители, а со решение на Судскиот совет од 07.05.2025 година е назначена за в.д. претседателка на суд. Во претходните години, со решение на Судскиот совет од 29.06.2023 година, времено за една година бил делегиран за судија и за в.д. претседател на суд Дарко Ристов од ОС Кочани, а Судскиот совет со решение од 26.06.2024 година за делегиран судија и в.д. претседателка на судот ја назначува Билјана Иванова, судија на Основен суд Струмица која ја извршува функцијата до 02.12.2024 година кога била делегирана Анита Јорданова, судија на Апелационен суд Штип за в.д. претседателка на судот.

По систематизација во судот потребно е да бидат пополнети 3 судиски места, но од 2021 година во судот нема избран судија, ниту информатичар. Постојано се менувале судии кои биле делегирани на временски период од една година или помалку. Честото менување на судии и делегирањето на судии довеле до состојба во судот која преставува проблем за нормално функционирање. Од едно до друго делегирање на судија нема овластен потписник, а остварување на правата на вработените и целосно функционалноста на судот се доведени во прашање. Дополнително, во последниот случај, в. д. претседателката на суд е новоизбран судија, што е голем предизвик.

Зградата на судот е стара, но во релативно добра состојба со нова фасада, архитектонски обезбедува доволно светлина, со доволен број на судници и простории. Во 2021 година бил одобрен проект и биле одобрени средства од Судскиот буџетски совет за замена на стариот стакларник во средината на зградата, но, претседателот на судот не успеал да ги реализира. Воочени се проблеми со греењето, со чешмите и другиот инвентар кој е од времето на југословенскиот период, заради што потребно е да се реализира реновирањето на внатрешните простории преку инвестирање во судот.

Согласно деталите увидени со надзорот дадени подоле во овој документ, **Комисијата ги дава следниве општи препораки за судот:**
Препорака за судовите кои се соочуваат со проблеми за обезбедување на функционалност на судот

| |
|---|
| Судскиот совет, Врховниот суд, Апелационен суд, Министерството за правда, Министерството за финансии, Владата и Собранието веднаш да пристапат кон надминување на проблемите со кои се соочуваат малите судови и судството во целина.<br>Комисијата утврди целосна нефункционалност на судот во Берово.<br>За да се овозможи вистинска функционалност на судовите и случајна распределба преку системот АКМИС, потребно е во одреден суд да има најмалку 20 судии, распоредени во оддели, најмалку 5 судии во оддел и претседател на суд. Исто така, бројот на службата треба да биде 1 судија спрема 3 судски службеници. На пример, |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

за 15 судии потребно е да има најмалку 30 стручни соработници во судот. Во однос на записничари, потребно е најмалку 1 записничар за секој судија, што значи најмалку 15 записничари + 5 записничари (кога ќе бидат на одмор или боледување) за да има доволен број на записничари за да се одржуваат сите судски расправи без никакви проблеми. Во судот потребно е да има уписничари заради движење на предметите и вработени во приемно одделение кои ќе вршат скенирање на предметите. Исто така, во судот се потребни најмалку 3 информатичари и најмалку 1 информатичар - техничар кој ќе ја одржува опремата за да се овозможи судење на далечина. Благајник/книговодител/раководител на сметководство се неопходни за обезбедување на непречена подготовка на фактури и плати на вработените на судот. Овие функции може да се извршуваат од страна на вработени во Судскиот буџетски совет, но секако, на подрачје на суд мора да има една таква организациона служба. Хигиеничари треба да се поставаат согласно бројот на простории. Возач, автомобил, лице задолжено за греење и одржување на судот се исто така неопходни.

Во рамки на подрачјето на Судот со најмалку 20 судии, постојните судови кои имаат 0-7 судии би требало да бидат трансформирани во судски одделенија, во кои би требало да има вработени: најмалку двајца стручни судски службеници, двајца записничари, еден информатичар техничар, хигиеничар, судски службеник во приемно одделение и други неопходни вработени за функционалност на судското одделение.

Суд кој не може да обезбеди обем на работа за најмалку 10 судии, не ги исполнува реално условите да биде организиран како суд, туку за модерно и опремено Судско одделение со 5 до 10 простории, од кои најмалку една судница опремена со дигитални алатки согласно меѓународни стандарди. Во ова судско одделение странките ќе ги поднесуваат предметите физички или електронски, предметите ќе бидат скенирани и заведени во АКМИС, а придвижувани електронски до судот во чие подрачје ќе биде судското одделение. Судиите од судот со најмалку 20 судии ќе имаат денови на судење во судското одделение каде ќе бидат физички присутни или по исклучок на online судење, ако се исполнети условите предвидени со закон. Во судското одделение ќе има вработена судска служба која ќе овозможи гаранции за заштита на странките и online судењето, односно ќе му помагаат на судијата кога

ќе биде присутен со физичко присуство на судењата во опремената судница во која има функционален АКМИС систем.

Функционалноста на Основниот суд Берово зависи од постојаното менување на делегирани судии. Мал број на вработени во судот не можат да функционираат и да ги извршуваат пропишаните одредби од процесните постапки, постапките уредени согласно Судскиот деловник и другите прописи и настануваат апсурдни состојби во судот: не може да се формира работно тело, распоредот за работа како документ освен за службата е целосно бесмислен, нема специјализација - постапува само еден судија по сите видови на предмети и судска управа бидејќи истовремено е претседател на суд. Седница на судии, размена на мислења, колегиуми со судии, следење на судска пракса, примена на пракса на ЕСЧП...не може да се применуваат и почитуваат. Нема информатичар во судот кој што ќе го администрира АКМИС системот. Одредбите од законот за управување со движење на предметите не можат да се спроведат во целост од причина што суд со само еден судија кој е истовремено претседател на суд е неодржливо решение. АКМИС во овој случај е само обичен електронски систем за заведување на предмет.

**Забелешка за работата на Судскиот совет и препорака**

Во Годишниот извештај за работа на Судскиот совет за 2023 и 2024 во однос на работата на Основниот суд Берово се дадени број на предмети кои воопшто не соодветствуваат со бројот на предмети во судот. Основниот суд Берово не доставува месечни извештаи до Судски совет и покрај задолжителноста на истите. Се појавува разлика над 300 предмети на крајот на 2023 и почетокот на 2024 година. Судскиот совет да објасни како била утврдена бројката од 542 предмети на почетокот на период 1.01.2024 година кога на крај на периодот во Извештајот за 2023 година за судот е утврдена бројката на нерешени 835 предмети.

Истовремено, по барање на Комисијата од Апелациониот суд Штип, утврдени се сосема различни бројки за предметите во ОС Берово со бројките за број на нерешени, примени во работа, решени и нерешени на крај на период за 2024 година во извештајот на Судски совет.

И покрај констатираното и укажувањето од страна на Европската комисија, домашните и странски извештаи, веднаш да се регулираат слабостите во собирањето на статистичките податоци. Од овие причини, методологијата за судска статистика да се применува во Судскиот совет, начинот како се подготвуваат годишните извештаи, кои предмети судовите ги ставаат во вкупна бројка, предмети опфатени со ориентациона норма. Поделбата на предметите да биде почитувана во сите судови подеднакво.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа**

Су-04.бр.1/2025 од 02.01.2025 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Граѓански, кривичен и прекршочен оддел постоеле кога имало судии во судот.
Од причина што еден судија постапува по сите видови на предмети, одделенија постојат при заведување, но сите предмети се доделуваат на в.д. претседателот/в.д. претседателката на судот.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 03 бр.6/23 од 16.01.2023 година
Су 03 бр.18-2/24 од 24.01.2024 година
Су 04.бр.1/2025 од 02.01.2025 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Нема план за годишен одмор од причина што е еден судија, в.д претседателката на судот користела само една недела годишен одмор.
На овој начин, кај судовите со еден или двајца судии не се почитуваат правата од работен однос на платен одмор кои важат задолжително за сите вработени лица и судии согласно ЗРО, Законот за судовите, Закон за судската служба.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот нема информатичар од 2021 година, нема формирана служба за информатика. Проблемот со немањето на информатичар го има констатирано и претходната комисија. Било одобрено вработување на информатичар, меѓутоа целата постапка била оспорена од непознати причини.

**Препорака: Судскиот буџетски совет и судовите каде нема вработен информатичар итно да го решат проблемот со вработување на најмалку еден информатичар во судот.**

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Нема оддел за судска практика, од причина што во судот има само еден судија.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Судски стручен службеник Ванчо Крамарски е лице определено за односи со јавноста.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Суд со основна надлежност нема судски администратор. В.д претседателите на судот вршат распределба на судските службеници.
Во судот има 21 вработен, но нема доволно вработени стручни судски службеници.
За извршување на работите во надлежност на судот има само 8 судски службеници: 1 раководител на одделение за финансии, 2 стручни судски соработници, 5


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

записничари од кои еден заминал во пензија во февруари 2025 година, 1 во СУ управа (дактилограф распореден на тоа одделение), 2 уписничари во писарница (две дактилографки распоредени на тоа одделение) и 1 во приемно одделение (доставувач распореден на тоа одделение).
Од останатите вработени 6 се судски полицајци, 5 курири, 1 хигиеничар и 1 вработен за одржување на греење на зградата.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2023, 2024 и 2025 година.**

Во судот секојдневно се врши координација на вд претседателката на судот со вработените во судот, имајќи го предвид бројот на службениците.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Нема. Во судот има само 1 делегиран судија кој постапува по сите видови на предмети и истовремено е в.д. претседател на суд.

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Нема. Во судот има само 1 делегиран судија кој постапува по сите видови на предмети и истовремено е в.д. претседател на суд.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Нема. Во судот има само 1 делегиран судија кој постапува по сите видови на предмети и истовремено е в.д. претседател на суд.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Нема. Вд претседател на суд нема обврска за достава на овој извештај.

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Не се подготвуваат редовно месечни извештаи во судот, информатичар од Апелационен суд Штип помага кога ќе треба да се подготват годишните извештаи. Комисијата по извршениот увид во годишниот извештај на Судски совет утврди дека има значителна разлика помеѓу бројот на нерешени предмети на крајот на годината - 31.12.2023 година и бројот на предмети што останале нерешени на 1.01.2024 година, а што мора да биде ист број на предмети.
Побарано е објаснување од судот да објасни што се случило и зошто има 300 предмети разлика во извештајот.
**Објаснување од судот:** Бидејќи нема информатичар во судот, бројките за предметите кои ги има на увид се добиени со помош на информатичар од други судови, истото е средено од страна на информатичар од друг суд.

Годишен извештај за работа на судот не беше доставен до Комисијата, поради тоа е побарано да се доставаат точни бројки и податоци и извештаи за предметите:
**Одговор од судот:** Најстариот предмет во судот е ВПП1-2/21, Кривични предмети во работа се 63, ПРКС во работа 370, ПРКО во работа 63, ПРКЈ во работа 92, ИПРК во работа 62, Граѓански ВПП1 и ВПП2 во работа има 46 предмети, П1 во работа 52, П2 во работа 37, П3 во работа 4, П4 во работа 7, П5 во работа 2, РО во работа 73, МАЛВ во работа 29 предмети.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Берово за 2023, 2024 и 2025 година**

Извештајот за посета на повисокиот суд беше доставен до комисијата за надзор од страна на АС Штип, Су.бр. 52 /2025-1 од 16.01.2025 година

## 16. Надзор над работата на нотарите.

Во Берово има двајца нотари, не биле воочени проблеми и во текот на годината од страна на в. д претседателката судија ќе биде направен надзор на нотарите.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

## 17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)

Редовно се одржуваат обуки за судии, за останатиот судски персонал иако има организирано обуки, поради недостаток на вработени не се во можност истите да ги следат.

## 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

Од средства на судот минатата година се набавени 3 компјутери и состојбата со опремата е задоволителна. Целосно се покриени со опрема, печатари и компјутери за секој вработен.

## 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Немаат изготвено списоци со кориснички групи. Ова е констатирано и од комисијата за надзор која го има извршено надзорот во 2023 година.

**Препорака:** Задолжително да се изготват списоци со кориснички групи, со детални дефинирани кориснички привилегии за секој корисник и откако ќе се изработи списокот да се ревидираат привилегиите во АКМИС за секој корисник.
Откако ќе се изготват списоците истите да бидат внесени како акти во АКМИС.
Да се исконтактираат колегите од другите судови кои веќе имаат списоци со дефинирани привилегии и да се постапи според нивните насоки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Нема внатрешни процедури за привилегии за АКМИС.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Нема дежурства во судот бидејќи има само еден судија и постапува на повик.
Минатите години кога во судот имало по двајца судии се правел и распоред за дежурство на судиите, но од 2023 година од кога во судот е само еден судија распоред не се прави.

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи. Во судот има два нови скенери.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Нема судски службеник задолжен за АКМИС, автоматската распределба и прераспределба ја вршат записничарите кои ја вршат функцијата на уписничари, прераспределбата ја прават со помош на информатичарот од ОС Делчево.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Нема одлуки за исклучување на судии.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
1828

26. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2023, 2024 и 2025 година**

Се заведуваат барањата за изземање во АКМИС, потоа од повисокиот суд кога ќе се достави решението за изземање, се прикачува кон барањето за изземање.
Беше направен увид во следните:
СУ-ИЗЗ. Бр.6/2025 од 11.09.2025,
СУ-ИЗЗ. Бр.2/2025 од 25.02.2025,
СУ-ИЗЗ. Бр.17/2024 од 02.10.2024 не е внесено во АКМИС барањето за изземање, СУ-ИЗЗ.Бр.14/2024 од 09.07.2024,
СУ-ИЗЗ.Бр.3/2024 од 24.01.09.2024,
СУ-ИЗЗ. Бр.4/2023 од 20.12.2023

27. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2023, 2024 и 2025 година**

Нема одлуки за рачна распределба на предмети. На денот на увидот за контролираниот период воочени се два предмети со рачна распределба и тоа еден два пати, а еден пет пати со копче судија.
П2-23/24 - заради спојување на досие и П1-16/24 - погрешно заведен предмет.

28. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше направен увид по случаен избор во следните предмети:

- МАЛВП-18/2023 Поднесен, примен, заведен и автоматски распределен на ден 27.10.2023, примен од страна на судија на ден 30.10.2023 година
- К-33/25 - Поднесен, примен, заведен, автоматски распределен и примен од страна на судија на ден 18.07.2025 година
- РО-20/24 - Поднесен и примен на ден 31.07.2024, заведен на ден 15.08.2025, автоматски распределен на 15.08.2024, примен од страна на судија на ден 27.08.2024, прераспределба рачна на ден 13.11.2024 поради разрешување на судија со одлука Су.бр.04-54/24 од 12.11.2024, и уште една рачна прераспределба на ден 06.05.2025 по одлука на претседател Су.бр.04-25/25 од 06.05.2025 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

- К-44/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 18.08.2023, рачно распределен на 18.08.2023, примен од страна на судија на 18.08.2023, и рачно прераспределен на 26.09.2025 година

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Нема автоматски распределби повеќе од еднаш за контролираниот период.
На денот на надзорот во судот за распределба има четири предмети. Автоматската распределба се врши во периодот од 14:30 до 15 часот

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници кои се водат во хартиена форма.

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Има две судници во судот, едната активно се користи за судење и во неа има инсталирано опрема за аудио снимање, но опремата не се користи воопшто откако е поставена.

**32. Електронска достава.**

Електронска достава се врши до адвокати и други правни субјекти кои имаат уредно доставено електронско сандаче.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Нема судии за да се обезбеди формирање на работно тело.

34. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело** - нема.

35. **Внатрешни процедури** - нема.

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Немаат месечни и квартални извештаи од причина што немаат вработен информатичар или лице кое има посетувано соосдветна обука за АКМИС.
Годишни извештаи изработува информатичарката од Апелационен суд Штип.

**Препорака:** Да се определи вработен од судот кој ќе посети соодветна обука за генирање на извештаи.

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Надзорната комисија беше информирана дека имаат проблеми со објавувањето на веб страната на судот.
Комисијата изврши проверка на веб страницата на судот и утврди дека од 2022 година, ништо нема објавено ново за судот.

38. **Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влезот во судот.

## 39. Простории за судии поротници и за адвокати

Немаат определно просторија за судии поротници и адвокати иако располагаат со доволен број на слободни простории и некоја од нив може да биде наменета за оваа цел.

## 40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2023, 2024 и 2025 година

Последните јавно објавени содржини на веб страната на ОС Берово се од месец јануари 2023 година. Има објавени одлуки за 2023 година, и тоа вкупно 267. За 2024 година, објавата на одлуки била од јануари до септември кога се објавени вкупно 130 одлуки. Од септември 2024 година до денот на надзорот нема воопшто објавени одлуки.

**Препорака:** Да се информира ИТ службата во Врховен суд за проблемите со објавувањето на одлуки и содржини на веб страната на ОС Берово.

## 41. Архива

Архивата е уредна наредена на метални сталажи, подредена по години.

Увидот заврши на ден 09.10.2025 во 13:20 часот.